HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ЈАНУАРИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01
вовед

02
говор на омраза

03
дела од омраза

04
родово базирано насилство и семејно насилство

05
затворени институции

06
бесплатна правна помош

# ВОВЕД

Неколку настани од областа на човековите права го обележаа јануари 2025 година: Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата остро реагираше на обидите на пратеникот Бојан Стојаноски да ја поврзе оваа платформа со партиски влијанија. Со сериозни аргументи против измените на Законот за јавни набавки, поддржани од ДКСК и ЕУ, Платформата побара Собранието да го осуди однесувањето на Стојаноски.

Неказнивоста, присутна со децении, повторно доведе до трагедија - Во јануари 2025 година, животот го загуби 22-годишната Фросина Кулакова. Сторителот, кој имал повеќе тешки кривични дела, продолжил да учествува во сообраќајот без возачка дозвола, што укажува на сериозни пропусти на институциите. Граѓаните се соочуваат со правна несигурност и недоверба во системот. Државата мора да преземе итни мерки против корупцијата и да обезбеди правда и безбедност за сите граѓани.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

**Во текот на месец јануари на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 69 случаи со елементи на говор на омраза, повикување и поттикнување на дискриминација и вознемирување по различни основи.**

**Овој месец беа забележани 44 случаи (53%) на говор на омраза поради национална припадност, 20 случаи (24%) врз основа на етничка припадност, 11 случаи (13%) по основа на политичка припадност, 5 случаи (6%) се по основа на сексуална ориентација и родов идентитет.**

**Во јануари продолжува трендот на најголем број регистрирани пријави по основ на национална и етничка припадност помеѓу двете најголеми етнички заедници во државата. Повторно на социјалните мрежи регистрирани се објави од мапи со територијални претензии на територијата на Западен Балкан.**

**Дополнително, негативни коментари и говор на омраза заради национална припадност предизвика и одбележувањето на годишнината од смртта на Мара Бунева кое беше проследено со разни провокации што се сметаат за контраверзни во македонско - бугарските односи.**

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЈАНУАРИ 2025




- Говор на омраза по национална припадност (44)
- Говор на омраза поради етничка припадност (20)
- Говор на омраза поради политичка припадност (11)
- Говор на омраза поради сексуална ориентација и родов идентитет (5)
- Говор на омраза поради раса/боја на кожа (1)
- Говор на омраза поради религија и религиско уверување (1)
- Говор на омраза поради социјално потекло (1)

*На платформата се регистрирани 69 оригинални случаи на говор на омраза - кај дел од случаите регистрирани се повеќе од една заштитна карактеристика.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучок:**

**Говорот на омраза и вознемирувачкиот говор врз основа на национална и етничка припадност се на врвот на табелата на регистрирани случаи.**

**Препорака:**

**Креирање државни политики за унапредување на соживотот и интеграцијата на етничките и националните заедници во Северна Македонија.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

Во текот на јануари 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 7 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 6 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и еден родово базиран инцидент. Според видот на насилството, инцидентите содржат насилство и предизвикување телесни и тешки телесни повреди. Во три од случаите, како жртви или како сторители се јавуваат малолетници.

Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се и: перцепцијата на жртва/ сведок; коментирањето на самото место; разликата меѓу жртвата и сторителот на етничка основа; моделот/ зачестеноста на претходни инциденти; природата на насилството; отсуството на други мотиви; и местото и времето.

Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

**7Во јануари 2025 година се регистрирани потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои 6 се етнички мотивирани, а 1 е родово базиран. Малолетници се вклучени во речиси половина од инцидентите, а насилството се случува на јавни места.**

**Препораки:**

**Подобрување на идентификувањето на пристрасниот мотив во инцидентите од омраза. Превенција и едукација за намалување на насилството, особено меѓу младите.**

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

Во јануари 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права беше контактиран во врска со случај поврзан со одлука на Центарот за социјална работа, со која значително се зголемуваат видувањата на малолетно дете со родителот со кого не живее. Иако првично детето му било доверено на еден од родителите за чување и воспитување, со новото решение практично се воспоставува модел на наизменично чување, при што детето би поминувало една недела кај едниот родител, а потоа една недела кај другиот родител.

Оваа одлука отвора прашања за тоа дали во постапката соодветно е проценето како честите промени на средината ќе влијаат врз стабилноста и емоционалниот развој на детето. Кај децата на многу мала возраст, стабилноста и континуитетот во секојдневните навики и односи се клучни за нивниот здрав развој. Поради тоа, ваквите одлуки мора да бидат донесени врз основа на детална процена од стручни лица, кои ќе го земат предвид не само правото на родителот на контакт, туку и потребата на детето за безбедност и предвидливост во секојдневниот живот. Дополнително, важно е да се осигури дека во процесот биле разгледани сите релевантни фактори, вклучително и можните психолошки и емоционални последици од честите промени на средината.

**Одлуките за родителска грижа треба да бидат резултат на индивидуализирана анализа на секој конкретен случај, со примарен фокус на тоа што е најдобро за детето, а не на еднаква распределба на времето меѓу родителите како универзално решение. Решението е обжалено до Министерството за социјална политика, демографија и млади.**

**Во текот на овој период беа евидентирани вкупно 15 случаи на параправна помош поврзани со семејно и родово базирано насилство, правни проблеми и нарушени семејни односи, обезбедена од параправничките на Хелсиншкиот комитет за човекови права во седумте региони на државата. Неколку жени биле жртви на физичко и психолошко насилство од нивните партнери, при што некои од нив останале без финансиски средства и поддршка, принудени да бараат правна и социјална помош. Во еден случај, жртва на насилство била изложена на притисоци од поранешниот сопруг и неговата партнерка, кои се обидувале да ја одвратат од правни постапки. Имало и ситуации каде што жени побарале развод поради насилство или семејни притисоци, како и случаи каде што едниот родител одбивал да даде согласност за патување на малолетно дете.**

# СОСТОЈБАТА СО РОДОВОТО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНОВО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци:**

**1.Одлуките за родителска грижа мора да бидат засновани на сеопфатна стручна проценка, која ќе ги земе предвид стабилноста и емоционалниот развој на детето, а не само правото на родителите на одржување контакт.**

**2.Случаите на семејно и родово базирано насилство покажуваат потреба од засилена правна и социјална поддршка за жртвите, особено во поглед на нивната финансиска независност и заштита од закани и притисоци.**

**Препораки:**

**• Центрите за социјална работа треба да применуваат индивидуализиран пристап при носењето на одлуки за родителска грижа, заснован на експертски проценки за благосостојбата и најдобриот интерес на детето.**

**• Потребно е унапредување на механизмите за заштита на жртвите на семејно насилство, вклучително преку подобрен пристап до бесплатна правна помош и поддршка за економско зајакнување.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

**Општ преглед на активностите**

- Во текот на јануари 2025 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во четири предмети. Два предмета: Условен отпуст со
- заштитен надзор.
- Еден предмет: Здравствена заштита поради неадекватно обезбедување медицинска грижа во казнено-поправна установа. Еден предмет: Поднесување
- барање до државните органи за создавање средина што ќе ги минимизира ризиците и ќе ја поддржи ресоцијализацијата на осудените лица.

**Краток преглед на обезбедени правни услуги**

- Одржани состаноци со странките и нивните семејства за конкретни правни прашања на осудените лица.
- Преглед на законската регулатива и дадени правни совети за условен отпуст со заштитен надзор.
- Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции.
- Обезбедени правни информации и совети на странките.
- Обезбедени правни совети за ресоцијализација и минимизирање на факторите на ризик за осудените лица.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈАНУАРИ 2025

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучоци и препораки**

• Поттикнување поголема примена на мерката условен отпуст со заштитен надзор преку зајакната на судските органи и пробациската соработка служба. • Обезбедување доволен медицински персонал, пристап до соодветна здравствена заштита и пристапност до лекови и терапија. • Развивање на процесот на ресоцијализација на осудените лица, со фокус на поддршката и намалувањето на факторите на ризик.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП - Бесплатна правна помош | 28 | |
| СПП - Секундарна правна помош | 1 | |
| Вкупно | 29 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 16 | 55 |
| Жени | 13 | 45 |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 23 | 79 |
| Албанци | 4 | 14 |
| Роми | 2 | 7 |
| Турци | / / | / |
| Срби | | / |
| Географски региони | | |
| Скопски | 18 | 62,5 |
| Вардарски | / | / |
| Полошки | 2 | 7 |
| Пелагониски | 3 | 10 |
| Југозападен | 2 | 7 |
| Североисточен | 1 | 3,5 |
| Источен | 3 | 10 |
| Југоисточен | / | / |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈАНУАРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 6 | 20,5 |
| Социјална заштита и осигурување | 2 | 7 |
| Заштита на деца | / | / |
| Пензиско и инвалидско осигурување | / | / |
| Здравствено осигурување и заштита | 1 | 3,5 |
| Работни односи | 4 | 14 |
| Родово базирано и семејно насилство | 5 | 17 |
| Статусни прашања | 1 | 3,5 |
| Заштита на човековите права | 7 | 24 |
| Други | 3 | 10,5 |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ЗАСТОЈ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Хелсиншкиот комитет за човекови права до Министерството за правда поднесе две барање за одобрување секундарна правна помош за правен проблем од областа на имотното право за двајца баратели, маж и жена од Скопје. Притоа, првото барање за одобрување СПП беше поднесено во првата половина на јули 2024 година, додека, пак, второто барање беше поднесено во првата половина на јануари 2025 година. Овие две барања сè уште се без епилог, односно без конечна одлука за тоа дали барањата се одобрени или одбиени, поради што барателите остануваат без предвидената судска заштита на нивните човекови права, иако целосно ги исполнуваат материјалните и финансиски услови за одобрување СПП согласно Законот за бесплатна правна помош.

Имено, застојот на постапката за одобрување СПП во првиот случај се должи на тоа што Одделението за БПП при МП се соочува со сериозен предизвик во однос на човечките ресурси. Особено загрижувачка е состојбата на ниво на Град Скопје поради неекипираноста на подрачните одделенија и поради тоа што засега постои само едно овластено службено лице за одлучување по барањата. Токму поради ова, Хелсиншкиот комитет се обрати до Министерството за правда со ургенција за постапување, имајќи предвид дека се изминати повеќе од 8 месеци од поднесеното Барање за одобрување секундарна правна помош и повеќе од 3 месеци од поднесениот Приговор по донесеното Решение за одбивање на Барањето.

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ЗАСТОЈ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**Што се однесува до вториот случај, застојот на постапката за одобрување СПП се должи на проблемот со кој се соочува Министерството за правда во однос на обезбедувањето документација по службена должност од страна на Агенцијата за катастар на недвижности. Имено, АКН подолг временски период не доставува податоци за недвижниот имот на барателите, а согласно законските одредби, должно е навреме да ги достави тие податоци до подрачните одделенија на МП. Сепак, од Агенцијата подолго време бараат да се доставуваат барањата по електронски пат (преку апликацијата „е-кат шалтер“), но Министерството за правда ниту технички ја овозможило оваа алатка, ниту вработените во подрачните одделенија се обучени да ги поднесуваат и да ги примаат документите по електронски пат.**

**За сето ова време, барателите се оставени на милоста и немилоста на постапувањето на Одделението за бесплатна правна помош при МП, кое подолго време се соочува со човечки и технички недостатоци, состојба што неколкукратно е констатирана од страна на здруженијата и правните клиники на заедничките состаноци на Националното координативно тело, но досега очигледно ништо не се презело за надминување на хроничните проблеми со кои се соочува системот за бесплатна правна помош.**

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ - ЗАСТОЈ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Заклучок:**

**Долготрајното нерешавање на барањата за одобрување секундарна правна помош (СПП) за двајцата баратели од Скопје укажува на системски проблеми во функционирањето на механизмот за бесплатна правна помош.**

**Препораки:**

**Зголемување на човечките ресурси – Министерството за правда треба да вработи дополнителен кадар во подрачните одделенија во Скопје, со цел да се забрза процесирањето на барањата за бесплатна правна помош.**